

Славица Јанешлиева; детаљ: Шкорпија, дигитален отпечаток, од инсталацијата *Небомантија*, 1999

Slavica Janeslieva; detail: Scorpio, digital print,from the installation *Reading the Clouds*, 1999

CAC
the contemporary art center

**SLAVICA JANEŠLIEVA**

Born in Skopje, **1973. BFA 1996**, Faculty of Fine Arts in Skopje, Printmaking Department, in the class of prof. Zoran Jakimovski. **MFA 1998**, Faculty of Fine Arts in Skopje, with prof. Dimitar Malidanov as mentor. Member of the Society of Fine Artists of Macedonia since 1997.

**Address:**
"Franc Presern" 159, 91 000 Skopje, Macedonia
Tel. 091/ 328 404
E-mail: slavicaj@soros.org.mk

**Solo Exhibitions:**

1999 -Skopje, Macedonia, *Reading the Clouds*, CIX Gallery
1998 -Skopje, Macedonia, Graphic Installation *Letters*, Open Graphic Art Studio
1997 -Skopje, Macedonia, Exhibition of prints - with the project *Sheep Fold*, MKC
1996 -Bitola, Macedonia, *Exhibition of prints*, Art Gallery

**Selected group exhibitions:**

1999 -Italy, exhibited in different cities, Five Contemporary Macedonian Printmakers
-Uzice, Yugoslavia, IV International graphic Art Biennial - Dry Point, Uzice'99, The City Gallery
-Skopje, Macedonia, The First Peep-show in the City, CIX Gallery
-Frechen, Germany, 12. German International Exhibition of Graphic Art, Stadtsaal
-Carbunar, Romania, International Small Engraving Salon, Florean Museum (exhibition available on internet: http://www.sintec.ro/cmc
-Lodz, Poland, Small Graphic Forms, City Art Gallery
-Rijeka, Croatia, 2nd International Ex-libris Exhibition, Kortil Gallery
-Kochi-shi, Japan, The 4th International Triennial Exhibition of Prints, Ino-cho Paper Museum

1998 -Strumica, Macedonia, SELECTION '97, organized by AICA, Art Gallery
-Belgrade, Yugoslavia, 5th Biennial of Graphic Art Belgrade '98 - International Exhibition, Cvijeta Zuzoric Art Pavilion.
-Sofia, Bulgaria, Second International Biennial of Graphic Art
-Belgrade, Yugoslavia, Young Macedonian Artists

1997 -Skopje, Macedonia, GRAPHIC EXPERIMENT, Open Graphic Art Studio
-Kanagawa, Japan, The 19th International Independante Exhibition of Prints in Kanagawa '97, Prefectural Gallery
-Varna, Bulgaria, International Print Biennial, City Art Gallery
-Bitola, Macedonia, Second International Triennial of Graphic Art, Museum and Gallery of Bitola
-Kharkiv, Ukraine, 4th Block, International Triennial of Graphics

**Awards:**

1998 -Skopje, Macedonia, 28th Exhibition of prints of the SFAM - Purchased Award
1997 -Skopje, Macedonia, SIAB '97 - Second prize

Published by: Contemporary Art Center - Skopje, Macedonia; editor in chief: Milentie Pandilovski; preface: Suzana Milevska; photo, translation into English and layout: Slavica Janeslieva; prepress and print: Data pons - Skopje; coppies: 500
1999 by CAC - Skopje. All material by the artist and the writer.

# READING THE CLOUDS

The associative perception of clouds as figures, astrology and the fictional *nebomantija* (the presumed "reading" of the future by observation of clouds) are, in an unusual way, interwoven and blended in Slavica Janeslieva's most recent project. The spectator of the installation is expected to interact indirectly, i.e. to identify with the artist, to make an attempt at perceiving and recognising the same figures and, at the same time, to consider the irrational methods of predicting the future which are no part of the everyday life of the rationally bred West-centric intellectual.

Fortunetelling, prediction and prophecy are irrational, *nebulous* (*nebula,ae*: lat. cloud) methods and skills placed in the margins of logocentric thinking as unworthy of Western man who wishes to eliminate completely mysticism and belief in the supernatural from his everyday reality and, consequently, all possibilities of predicting his own future. Nevertheless, written material about various supernatural phenomena, instructions on cardtelling, coffee grounds reading, astrology and the constellations of the stars are constantly increasing; on almost all TV channels there are programmes on these matters, while horoscopes in newspapers and magazines have become unavoidable items. It appears that the interest in inexplicable phenomena is being only declaratively suppressed and not completely rejected.

The idea of the artist Slavica Janeslieva is not generated, so much, from her personal interests in these phenomena, but from her perception of the magnificent figures and forms of the clouds in the sky, which sometimes even resemble "*angels of the sky*". Besides by their beauty, she is fascinated by their figurative similarity to some animal silhouettes in astronomy (Capricorn, Pisces, Pegasus...) the names of certain constellations, which also have their significance in mythology, astrology and prediction.

The Rorschach test in psychology as well as the Gestalt theory of the principles of our perception are connected with the assumption that our inclination to associativness probably is found in the basis of mythology and astrology. This connecting of the unknown and the unrecognisable with inherited knowledge which, already exists as information in our memory, is a natural process that even in the most abstract modernist paintings makes man recognise figures. That which should present only sublime abstract representations of the unpresentable, human perception nevertheless reduces to a visualisation within the framework of its experience.

Therefore Janeslieva makes use of our natural limitations and need for connecting what, at first sight, seem unrecognisable figures with some recognisable contents. She invites her spectators to a "seance" of reading the clouds (digitalized photographs, printed on cloth, sewn as pillows which hang freely in the space of the gallery, or the accelerated projecton on the ceiling of clouds recorded by video camera); she invites us to an unusual "flight" to the airy spaces of the sky, regardless of whether we will manage to see or "read" any event or phenomenon of the future.

Suzana Milevska

Асоцијативното препознавање на облаците-фигури, астрологијата и измислената *небомантија* (претпоставено "читање" на иднината со набљудување на облаците) се невообичаено испреплетени во најновиот проект на Славица Јанешлиева. Од гледачот на оваа инсталација се бара индиректна интеракција: во еден миг да се поистовети со авторката и да се обиде да ги препознае истите фигури, но истовремено да размислува и за ирационалните методи за претскажување на иднината што не се дел од секојдневието на рационално воспитаниот западноцентричен интелектуалец.

Гатањето, претскажувањето и пророкувањето се ирационални, *небулозни* (*nebula,ae*: лат.облак) методи и вештини ставени на маргините на логоцентричната мисла како недостојни на западниот човек кој од своето секојдневие посакува наполно да ја елиминира мистиката и верата во натприродното, а со тоа и каква било можност за предвидување на сопствената иднина. Сепак, литературата за разни натприродни појави, поуки за гледање во карти, талог од кафе, астрологијата и ѕвездените констелации постојано се намножува, емисиите со таква содржина никнуваат на сите ТВ канали, а во весниците и списанијата хороскопите се назаобиколни рубрики. Интересот за необјаснивите појави како да е само декларативно потиснат, но не и потполно исфрлен.

Идејата на авторката Славица Јанешлиева не произлегла толку од нејзиниот личен интерес за ваквите појави колку од воочувањето на прекрасните фигури на облаците на небото, понекогаш дури и налик на "*ангели на небото*". Тие, покрај со својата убавина, ја изненадиле и со својата фигуративна сличност со некои силуети на животни присутни (јарец, риби, пегаз) во астрономијата како имиња на одредени ѕвездени констелации, а кои имаат свое толкување во митологијата, астрологијата и претскажувањето.

Роршарховиот тест во психологијата како и Гешталт теоријата за принципите на нашата перцепција се поврзани со претпоставката дека можеби токму таа наша наклонетост кон асоцијативност лежи во основа на митологијата и астрологијата. Ваквото поврзување на непознатото и непрепознатливото со она што како наследено предзнаење веќе постои како информација во нашата меморија е природен процес што и во најапстрактните слики на модернизмот обичниот човек го наведува да препознава фигури. Она што требало да презентира само возвишени апстрактни репрезентации на неприкажливото човековата перцепција сепак го сведува на визуелизација во рамките на неговото искуство.

Затоа, Јанешлиева ја користи таа наша природна ограниченост и потреба за поврзување на на прв поглед нејасните фигури со некои препознатливи содржини, па посетителите ги поканува на еден вид "сеанса" на гледање во облаци (дигитализирани фотографии, отпечатени на платно, сошиени во вид на перници и поставени слободно да висат во просторот или снимени со видео камера и забрзано проектирани на плафонот на галеријата), на еден несекојдневен "излет" во воздушестите небесни пространства, без оглед на тоа дали во нив ќе биде откриен некој настан или појава од иднината.

Сузана Милевска

**СЛАВИЦА ЈАНЕШЛИЕВА**

Родена во Скопје, **1973** година. Дипломирала на Факултетот за ликовни уметности во Скопје во **1996** година, во класата на проф. Зоран Јакимовски, отсек графика. Магистрирала **1998** година на истиот факултет, под менторство на проф. Димитар Малиданов. Член на ДЛУМ од 1997 година.

**Адреса:**
„Франц Прешерн" 159, 91000 Скопје, Македонија
Тел. 091/328 404
E-mail: slavicaj@soros.org.mk

**Самостојни изложби:**

1999 -Скопје, *Небомантија*, CIX Галерија
1998 -Скопје, Графичка инсталација *Писма*, Отворено графичко студио
1997 -Скопје, Графики - со проектот *Трло*, МКЦ
1996 -Битола, *Изложба на графики*, Уметничка галерија

**Одбрани групни изложби:**

1999 -Италија, низ повеќе градови, 5 Современи македонски графичари
-Ужице, Југославија, IV Меѓународно биенале - сува игла
-Скопје, Првото Peep-show во градов, CIX Галерија
-Фрехен, Германија, 12-та Германска меѓународна изложба на графика
-Карбунар, Романија, Меѓународен салон на графика мал формат
-Лоџ, Полска, Изложба на графика мал формат
-Ријека, Хрватска, 2-ра Меѓународна изложба на EX-LIBRIS
-Коши-ши, Јапонија, 4-та Изложба на Интернационалното Триенале на Графики

1998 -Струмица, ИЗБОР '97, во организација на АИКА, Уметничка галерија
-Белград, Југославија, 5-то Биенале на графика Белград '98 - меѓународна изложба, Уметнички павиљон Цвијета Зузориќ
-Софија, Бугарија, Второ меѓународно графичко триенале
-Белград, Југославија, Изложба на македонски уметници од помладата генерација, Галерија при домот на младината

1997 -Скопје, ГРАФИЧКИ ЕКСПЕРИМЕНТ, Отворено графичко студио
-Канагава, Јапонија, 19-та Интернационална изложба на графики
-Варна, Бугарија, Интернационално графичко биенале
-Битола, II Меѓународно графичко биенале
-Харков, Украина, "4th Block", Меѓународно триенале на графика

**Награди:**

1998 -28ма Графичка изложба на ДЛУМ - Откупна награда
1997 -СИАБ '97 - II награда

Издавач: Центар за современи уметности - Скопје, Македонија (САС); за издавачот: Милентие Пандиловски; предговор: Сузана Милевска; фото, превод на англиски и ликовно обликување: Славица Јанешлиева; подготовка и печат: Дата Понс - Скопје; тираж: 500
ISBN: 9989-745-37-4
Според мислењето на Министерството за култура за каталогот Небомантија, 1999 се плаќа повластена даночна стапка.